| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Сообраќајот во мојот град |
| **Содржина на денот** | Црвено, жолто, зелено |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Даниела Раичковиќ |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор како безбедно да ја минуваме улицата- секогаш со придружба на возрасен (сл.1), да се движиме по тротоар и улицата да ја минуваме на пешачки премин или каде што има семафор( сл.2, сл. 3). |
| **Активности** | „Семафор“- ликовна игра (печатење, боење во контура, изработка од хартија и картон).<br>Активностите ќе ги започнете со разговор по слика на семафор (Сл.1, 2, ) преку која ќе го потсетите детето на функционалното значење на боите на семафорот- црвената боја значи да застанеме, жолтата боја да се подготвиме а зелената дека слободно може да ја поминеме улицата. Може да водите и разговор со детето како безбедно да се движиме по улица односно по тротоар и секогаш во придружба со возрасен. Улицата ја минуваме само на места на кои има семафор или пешачки премин-зебра (сл.3).<br>Најдобро е со детето да прошетате до најблиската крстосница или улица каде што детето ќе може да набљудува семафор, разговарајте за значењето на боите на семафорот и како безбедно да се однесуваме на улица.<br>Кога ќе се вратите дома во зависност од матерјалите што ги имате дома може да му понудите на детето да изработувате семафор и тоа со печатење ( нацртајте шаблон од семафор и детето може да печати со боја со рака, прсти или печат (сл. 4 сл.4а, сл. 5), потоа може да бои во контура (сл.5а )или да плеска со пластелин повторно во контура (сл. 6), |

| | |
|---|---|
| | а ако сте креативни може заедно со своето дете да изработувате и семафор од картон и колаж хартија или од текстил и друг матерјал што ви се наоѓа по дома (сл.7, сл.8, сл.9).<br>Додека работите поттикнувајте го детето на самостојна работа и што е најважно да ги препознава и именува боите на семафорот.<br>За крај на активноста може да ја слушнете песната од Златно Славејче 2014- „Сообраќај“. |